Ајнштајн
Здружение за дислексија

# Агенда

"Интегрирана обука за дислексија и дискалкулија: стратегии и практични аспекти"

Датум: 16 декември | Почеток: 09:00 часот | Место: ФЗФ Скопје


М-Р КАТЕРИНА НИКОЛОВСКА


СЛАВИЦА Т. НИКОЛОВСКА

**09:00 – 09:15** Регистрација

**09:15 – 09:30** Вовед

## Дел 1

## Дислексија: Практична страна на науката за читање

**М-р Катерина Николовска**

**09:30 – 10:20**

**Сесија 1**

**Дислексија - Најчестата специфична тешкотија во учењето**

Во првата сесија учесниците ќе имаат можност од блиску да се запознаат со дислексијата како најприсутна тешкотија од сите специфични тешкотии во учењето. Сесијата ќе ја опфати и важноста за разбирањето на оваа состојба кај учениците или децата како и свесноста за истата.

Оваа сесија ќе започне со меѓусебно поврзување и запознавање на групата и предавачот и ќе гивклучува следните поглавја:

- Што всушност е дислексија?
- Важноста за разбирањето на дислексијата
- Индикации за дислексија
  - Претчитачка фаза
  - Читање
  - Пишување

**10:20 – 11:10**

**Сесија 2**

**Читањето како темел на образовниот процес кај учениците**

Читањето е големо постигнување за секое дете. Од гледање сликовници во најраните години, повторување зборови, гледање слики, до неразбирање зборови и нивно бавно декодирање. Во оваа сесија учесниците ќе се запознаат со комплексноста за читањето, потребните вештини за точно и течно читање како и важноста од експлицитното и насочено подучување. Во самата сесија ќе се зборува подетално за:

- Науката за читање
- Историски развој на читањето
- Потребни вештини за точно и течно читање
- Експлицитни и насочени инструкции

11:10 – 11:30 **Кафе - пауза**

09:30 – 10:20

**Сесија 3**

**Практични примери и симулации**

ВВо третата сесија, учесниците ќе имаат можност да влезат во кожата на учениците односно лицата со специфични тешкотии и да искусат што значи да се живее со тешкотија. Сесијата ќе продолжи со неколку студии на случај односно реални профили на ученици и ситуации од училницата. Во оваа сесија уесниците ќе генерираат, но и ќе добијат практични алатки за работа со ученици на различна возраст.

- Симулации
  - Дислексија односно тешкотии со читањето
  - Дисграфија односно тешкотии со пишувањето
  - Процесирање
  - Тешкотии со перцепција и како тоа влијае на однесувањето
- Студии на случај

12:20 – 12:50 **Ручек - пауза**

## Дел 2

## Дискалкулија: Практични решенија и стратегии

**Славица Тасевска Николовска - Лиценциран тренер за дискалкулија**

12:50 – 13:40

**Сесија 1**

**Дискалулија или математичка анксиозност**

Поголем дел од децата ако ги прашате кој предмет што го изучуваат е најтежок , сигурно ќе добиете голем број на одговори “ МАТЕМАТИКА“. Во овој дел од обуката учесниците ќе добијата одговори на прашањата:

- Зошто математиката е тешка?
- На која возраст децата се когнитивно зрели за да ги разберат математичките концепти?
- Кои се тие особини и ненаучени животни лекции што ги прават неразбирливи основните математички факти за децата со дискалкулија?

13:40 – 14:00 **Кафе - пауза**

14:00 – 15:10

**Сесија 2**

**Математички симболи и практични вежби за совладување на основни математички операции**

Последната сесија ќе биде спроведена во форма на работилница на која учесниците ќе имаат можност да се запознаат со експлицитни техники за совладување на основните математички операции и кои користат за индивидуална работа со деца со дискалкулија и со деца кои имаат математичка анксиозност.

## Дел 3

## Дискусија и доделување на сертификати

15:10 – 15:30

**Затворање на обуката**

Последниот дел од обуката ќе биде резервиран за дискусија со обучувачите и поставување на прашања.

***Поради комплексноста на обуката, агендата е можно да претрпи одредени измени се со цел понудување на поголем квалитет на самата обука за учесниците.
Секој пријавен учесник на обуката ќе биде известен во случај да постои одредена промена во агандата.